

„Да им читаме на глас“

По повод Месецот на книгата - Месец Октомври, во НУУБ „Св. Климент Охридски“- Битола на ден 26.10.2021 година се одржаа 2 читања на кои присуствуваа учениците од две четврти одделенија од ОУ„ Стив Наумов “- Битола со нивните наставнички Наташа Костовска IV а и Гордана Трифуновска IV б одделение. Работилниците ги водеше библиотекарот Јасминка Кочевска.

Во почетокот се разговараше за значењето на пишаниот збор, за нивната заинтересираност кон пишаниот збор и дали некој од нив веќе е член во нашата библиотека, кои книги и јунаци им се омилени. Овој пат учениците имаа можност да го слушнат расказот „Необичен ѕидар“ од македонскиот писател Ванчо Николевски, од неговото дело Раскази.

Во текот на читањето со учениците разговаравме на многу прашања поврзани со содржината на текстот, но и со случки од нивниот живот поврзани со содржината на расказот.

За крај извлековме заедничка поука дека Занаетот е златна белегзија која се изучува полека со време, а не со итрина како што беше случајот со настанот во самиот расказ.

Повеќе од овој настан на следниот линк: NUUB Facebook